РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

# СООПШТЕНИЕ ДО ЈАВНОСТА

На денешната 29-та седница на Државната комисија за спречување на корупцијата беа разгледани повеќе прашања во врска со постапувањето на ДКСК.

*Прво*,врз основа на добиени сознанија ДКСК одлучи да отвори предмет по сопствена иницијатива во врска со наводи за сомневање на незаконско постапување на надворешниот соработник за прашања од областа на спортот на претседателот на Владата на РСМ, Даниел Димевски кој во својство на надворешен соработник и управител на правното лице Турд Олимпик ДОО Скопје стекнал својство на закупец на СРЦ „ Кале“ со што во улога на надворешен соработник остварил приватни интереси со што го оштетил буџетот на РСМ.

*Второ*, врз база на добиени сознанија од медиумите за значителен прилив на странска и домашна помош (донации) за времетраењето на вонредната состојба како што и претходно беше информирано ДКСК одлучи да преземе конкретни дејствија во насока на прибирање на релевантни информации за начинот на кој се користи доделената странска и домашна помош.
Исто така, Државната комисија за спречување на корупцијата оформи предмет по сопствена иницијатива за испитување на нерегистрирани средства за дезинфекција кои се нашле во употреба.

*Трето*, согласно Годишниот план за следење на имотната состојба и судирот на интереси на ДКСК предмет на проверка се анкетните листови на поранешните обвинители на СЈО. Во постапката за утврдување на фактичката состојба Државната комисија за спречување на корупцијата прибави податоци од Министерството за финансии од кои констатираше дека поранешните обвинители од СЈО континуирано примале дополнителни приходи (надоместоци) и за истото по надминување на вредност од 20 просечни плати не пријавувале промена на имотната состојба со што постапиле спротивно со член 85 од ЗСКСИ.
Тргнувајќи од наведеното ДКСК заклучи да поведе прекршочна постапка за следните лица:

1. Катица Јанева
2. Фатиме Фетаи
3. Елизабета Јосифоска
4. Лиле Стефанова
5. Бурим Рустеми
6. Гаврил Бубевски
7. Стевчо Донев
8. Трајче Пеливанов
9. Артан Ајро


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

10. Љубомир Дане.

*Четврто,* ДКСК информира  дека  продолжува по нејзиното постапување по предмет оформен по пријава со наводни за сомневање за незаконски постапувања на Поглаварот на Исламската Верска Заедница.

**Со почит,**
**ДРЖАВНА КОМСИЈА ЗА**
**СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**